Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 08.04.2019

На 07.04.2019 околу 22.20 часот во Тетово, полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово од слобода го лишиле Р.В.(34) од тетовското село Џепчиште. При преглед кај него бил пронајден и одземен хероин. По документирање на случајот, против Р.В. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2019 во 14.10 часот на Граничниот премин„ Табановце“, при пасошка контрола било констатирано дека лицето Б.К.(37) од Скопје бил предмет на потрага за издржување казна затвор во траење од една година за сторено кривично дело по член 239 став 1 од Кривичниот законик – „затајување.“ Б.К. бил приведен и предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 07.04.2019 во 09,30 часот на Граничниот премин „Долно Блаце" од слобода бил лишен М.Е.(21) од Косово врз основа на барање на СМПС - Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

На 07.04.2019 во 02.30 часот во Полициската станица Струмица, поради сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба наркотични дроги", од слобода бил лишен и задржан К.С (41) од село Костурино, струмичко. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.04.2019 во 11.30 часот во Полициската станица Аеродром, Т.М.(70) од Скопје пријавил дека на булевар „Јане Сандански" бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

Во текот на изминатите денови (05, 06 и 07.04.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 63 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 90 возачи од кои: тројца затоа што управувале возило под дејство на алкохол, 72 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и 15 возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така, исклучени од сообраќај се и 62 возила бидејќи 60 биле нерегистрирани и две возила поради претовар. Санкционирани се 21 возач поради поминување на крстосница на црвено светло, 17 возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, седум возачи поради неправилно престројување, девет возачи поради неправилно престигнување, шест возачи поради недавање првенство на минување на возила во зона на крстосница, 28 возачи на мотоцикли поради неносење заштитен шлем, 14 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 42 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се седум пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатите денови издадени се 274 мандатни платни налози и 151 возило се подигнати со специјално возило „пајак". Изминатите денови се случиле 21 сообраќајна незгода во кои едно лице се здобило со тешки телесни повреди, а 20 лица со телесни повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против М.Д.(42) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 03.04.2019 во Крива Паланка полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле револвер „GASSER MOD.1873" калибар 11 мм, 10 куршуми калибар 9 мм Para, 31 куршум за пневматски пиштол, пневматски пиштол „EKOL Firat Compakt" калибар 9 мм и пиротехнички средства.

На 08.04.2019 околу 07 часот на патот Градско-Прилеп се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „МАН" со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од Б.Ѓ.(53) од Скопје и автобус марка „Мерцедес" со прилепски регистарски ознаки, управуван од Д.Ц.(58) од Крушево. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот на товарното возило кој е пренесн во болницата во Кавадарци. Извршен е увид на местото на настанот.

Изминатиот викенд полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, сигурносен појас... Притоа, контролирани се вкупно 1206 возила и возачи и било констатирано дека 33 возачи ја надминале дозволената брзина, 28 возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле 18 возила, пет возачи не користеле сигурносен појас, а шест возачи зборувале на мобилен телефон при управување на возило.

Вчера (07 април) од 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола за брзина со која се движат возилата надвор од населено место, пред се на автопатот Гостивар-Тетово-Скопје и магистралниот пат Гостивар-Кичево. Во акциската контрола биле откриени вкупно 43 прекршоци (ТЕ-10 и ГВ-33).

На 07.04.2019 околу 21.30 часот во СВР Скопје, А.К.(59) од село Блаце пријавил дека во село Арачиново заедно со С.К.(50) и С.К.(31), од село Блаце биле физички нападнати од С.М. и уште неколку лица. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 08.04.2019 во 01.00 часот во СВР Скопје, С.П.(67) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 00.30 часот во угостителски објект на улица „Самоилова" бил физички нападнат од три лица. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.В.(37) од Виница поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистичко и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 03.04.2019 пријавениот, на социјалната мрежа „Facebook" објавил текст со заканувачка содржина.

На 07.04.2019 во 11.00 часот во Полициската станица Чаир, С.Б.(55) од Скопје пријавил дека на 06.04.2019 околу 21.00 часот во кебапчилница на улица „Втора Македонска бригада" бил физички бил нападнат од Ф.Н. и уште две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.04.2019 година во 11.40 часот во Полициската станица Гази Баба, Н.И.(25) од Скопје пријавил дека на 07.04.2019 околу 03.00 часот на ул. „Перо Наков", од страна на пет лица му бил одземен пропаганден материјал за Претседателски избори 2019, по што Н.И. си заминал. Веднаш по добивањето на пријавата известен е јавен обвинител и преземени се соодветни мерки и активности. Во полициска станица во врска со овој случај е извршен службен разговор со Г.Ѓ.(26) и Б.А.(23). До надлежното Основно јавно обвинителство е поднесено писмено известување.

На 07.04.2019 во 21.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на место викано „Шамак", во близина на детската болница Козле, настанал пожар во двор на викенд куќа, сопственост на А.Т.(57) од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот целосно бил локализиран околу 00.20 часот.

На 07.04.2019 околу 11.40 часот на булевар „Никола Карев" во Скопје, Б.Д.(33) агресивно се однесувал кон полициски службеник при преземање на службени дејствија. Против Б.Д. по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

## МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

## АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

## ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

## ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)